ШПИЦ

# ДОБРА РАБОТА МК

Во соработка со Global HR

www.dobrarabota.mk | Година 2 | Број 12 | Февруари 2011

ПРИЛОГ НА ШПИЦ ЗА ПОЛЕСНО ВРАБОТУВАЊЕ

**Вработување во странство – развој во кариера или потреба?**
Луѓето од секогаш мигрирале и биле во потрага по подобри услови за живот. 2 стр.

**Испратете ја вашата понуда до работодавачот**
Претставете го вашето CV како понуда која ќе ве престави вас како професионална личност пред работодавачот.. 2 стр.

**Вработените и астрологијата**
Атмосферата во канцеларија ја прават вашите вработени, така што многу е значајно да има баланс на работното место. 3 стр.

**Најчесто поставувани прашања на интервју**
Што бараш во работата? Дадете ми ваша дефиниција за работно место на кое аплицирате? 4 стр.

**Високата цена на мобингот**
Станавме општество каде што не постои ништо лично, затоа и нема взаемно почитување. 4 стр.

# Практикантско искуство – има ли потреба?

Вашиот влез во модерниот бизнис свет ќе наиде на голем број на пречки, доколку не поседувате претходно работно искуство. Практикантската работа Ви нуди можност теоретското познавање да го примените во реалното работно опкружување. Исто така, добивате шанса да ги истражите различните индустрии и работни позиции, како и да се тестирате самите себеси како би се вклопиле во едно ново, непознато за Вас опкружување. Студентите кои поседуваат практикантско искуство, имаат огромна конкурентска предност пред своите врсници кои штотуку зачекоруваат во бизнис светот. Тие веќе поседуваат работна навика и одредено искуство, кое на компанијата и заштедило време и средства за тренинг и обука.

Повеќето студенти практичната работа ја извршуваат во текот на своите студии. Но, денес се почесто студентите кои веќе се стекнале со диплома од студиите,а не поседуваат работно искуство, се одлучуваат да започнат најпрво со практикантска работа, со надеж дека во иднина тоа ќе се претвори во постојано работно место. Иако понекогаш организацијата не ги задржува практикантите по истекот на нивните договори, тие не треба да се чувствуваат како губитници.

Придобивките кои ги има еден студент од практикантското работење:

- Проверка на потенцијалните работодавци
- Можност да се испробаат во различни индустрии, сектори и работни позиции, со цел да го осознаат правецот на развој на својата кариера
- Запознавање со голем број на луѓе и градење на нова мрежа на контакти
- Надградување на своите вештини
- Работно искуство и препораки
- Парични средства кои ќе ги добиваат во замена за своите услуги



Придобивки кои компанијата ги има од практикантското работење:

- Запознавање со профилот и квалитетите на потенцијалните вработени
- Рано откривање на талентирани индивидуалисти и нивно задржување
- Создавање на архива на практиканти, кои во иднина би можеле да бидат вработени доколку се отвори ново работно место
- Користење на услугите на практикантите за вршење на редовни работни задачи, што значи и заштеда на парични средства
- Нови идеи и енергија, како и различен поглед кон работите
- Подобар углед на организацијата.

**Бирото за статистика во САД ги предвиде најбрзо растечките работи во блиска иднина. Да ги проследиме работните професии за кои се предвидува огромен потенцијал**



# **Топ 5 најбрзо** растечки **работни позиции** доколку поседувате диплома од факултет

**1.** Биомедицински инженер – дизајнира, развива и оценува уреди, како на пример вештачки органи, протези и помагала. Истовремено имплементира процедури како медицински информациони системи. Се очекува побарувачката за оваа професија глобално да порасне до 72 %.

**2.** Мрежни системи и аналитичари за безжична комуникација – дизајнира и одржува мрежни системи како Локални мрежи (LAN), Wide Area Networks ( WANs) и интернет мрежи. Вработувањето во оваа област е проектирано да порасне за 53% до 2018.

**3.** Финансиски ревизори – го испитуваат работењето на банките и финансиските институции да бидат во согласност со законите и прописите кои го регулираат. Се очекува енормен пораст на побарувачка на работна сила во оваа професија до 41% во блиска иднина.

**4.** Атлетик тренери – третираат повредени спортисти, работат индивидуално за подобрување на здравјето, кондицијата и одржување на формата. Вработувањето во оваа невообичаена професија се очекува да порасне до 37% до 2018 година.

**5.** Инженери за компјутерски софтвер апликации – користат различни програмски јазици за дизајн, изградба и одржување на софтвер и специјални корисни програми. Тука се очекува вработеноста да порасне до 34% во наредните неколку години.

Овие предвидувања се направени на глобално ниво, а со тоа сакаме да ви ја доближиме сликата за најбараните професии во блиска иднина.

НУДИТЕ РАБОТА?
БАРАТЕ РАБОТА? dobrarabota.mk
Вашето место за полесно вработување

## ОБУКИ

CS Global
Тел.: (0)2 3290 540;
(0)2 3290 544;
training@csglobal.com.mk

14-15.02.2011
**Подготовка за барање работа и планирање на кариера**

18-20.02.2011
**HR Академија: Модул 5 Развој и обука на вработени**

21.02.02.2011
**Социјални мрежи како алатка за корпоративен развој, заработка и регрутација на вработени**

22-23.02.2011
**Контакт центар и телемаркетинг техники**

24.02.2011
**MAXIMISE BUSINESS COMMUNICATION COMPETENCY (COMMUNICATING WITH IMPACT)**

25.02.2011
**HR Академија: Модул 2 Регрутација и селекција MAXIMISE BUSINESS COMMUNICATION COMPETENCY (COMMUNICATING WITH IMPACT)**

26-27.02.2011
**HR Академија: Модул 2 Регрутација и селекција**

РЕКЛАМИРАЈТЕ ГИ ВАШИТЕ ОБУКИ ОВДЕ

# Вработување во странство – развој во кариера или потреба?



Луѓето од секогаш мигрирале и биле во потрага по подобри услови за живот. Тоа е вообичаена појава која се појавувала од минатото и до денешен ден е останата, само со променета форма. Условите во рамките на светската економија наложуваат секојдневно да бидеме подготвени за преквалификација и развој на нашите вештини.

Многу од луѓето својата шанса ја бараат во странство, во земји каде што економиите се со екстремен развој и голема можност за успех. Но, дали сте подготвени за ваков чекор во вашиот личен живот и кариера, дали се задоволувате со моменталната работна позиција или вашите апетити за успех се зголемуваат?

Еве неколку совети зошто луѓето се определуваат за работење во странство:

- Неизбежно е да се напомене невработеноста во матичната држава. Реално, многу од луѓето кои се одлучуваат на ваков чекор,причината е токму оваа. Но, не треба да звучи трагателно и жално, во природата на човекот е да се снаоѓа и да наоѓа начин на урбано преживување. Согледајте го тоа како привремена етапа од животот, кој подоцна ќе ви биде и драго што сте се решиле на таков потег.
- Доколку имате амбиција светот да слушне за вас или пак вашата професија не е ценета во овдешната држава, причина плус е да се обидете на глобалниот пазар и да врежете мала трага во светската економија.
- Вие сте во нова држава, нова култура, нова можност за ширење на вашите хоризонти. Трагачите по кариера велат подобро просечна работна позиција во странство, отколку истата работа дома. Го пронаоѓате вашето место во глобалниот свет, се пронаоѓате себе си, стекнувате ново искуство, запознавате нови луѓе и едноставно препуштете се на можноста за успех.
- Вие работите и ќе ги добиете сите предности на новата средина, но истовремено сте обезбедени со сигурна плата. Добивате можност за поголема заработка и напредување во професијата што сте ја одбрале. Исто така постои можност и да донесете некоја бизнис идеја во матичната земја и искуството стекнато работејќи во странство да го пренесете и да развиете сопствен бизнис.
- Ви се отвара можноста да патувате повеќе и сите дестинации кои сте посакувале да ги посетите ви се чекор поблиску. Искористете ја приликата и остварете си ги вашите соништа, грабајте ги сите шанси и подоцна сето стекнато искуство реализирајте го во нешто што ќе ви донесе финансиски успех и задоволство.

Секако треба да се напомене дека не може секој да се пронајде во работењето во странство, но тие што се во потрага по нов предизвик, нова работна позиција и нова фаза од нивниот живот, треба да ја искористат секоја дадена можност. Негативните страни оставаме на вас да ги согледате и дали можете со нив да се справите.

# ИСПРАТЕТЕ ЈА ВАШАТА ПОНУДА ДО РАБОТОДАВАЧОТ



CV не е ниту мода ниту тренд, туку реална потреба за секој (не) вработен. Претставете го вашето CV како понуда која ќе ве претстави вас како професионална личност пред работодавачот и дека токму преку тој документ ВИЕ ќе треба да се продадете. Кратенката CV потекнува од латинските зборови за животопис или биографија – Curriculum Vitae, но не се работи за стандардна биографија во која ќе го раскажувате својот живот, туку кратка форма на приказ на вашите лични податоци, способности и едукација.

Целта на вашата биографија е вашиот иден работодавач, откако ќе го прочита, да покаже интерес да ве повика на разговор за работа. Дали ќе ја добиете посакуваната работна позиција зависи од финалното интервју, но за да дојдете до тој стадиум од процесот на вработување, треба да имате навистина впечатливо CV кое ќе ве истакне од останатите. Значи најважно е да го заинтересирате работодавачот со вашата понуда – а вашата понуда е всушност вашето CV.

Доколку не поседувате работно искуство, а работната позиција е претежно базирана на креативност (маркетинг, дизајн, архитектура), истакнете ја вашата инвентивност преку изработка на ОРИГИНАЛНО CV. Токму вашето резиме треба да се разликува од сите останати, да се види дека навистина сте се потрудиле.

Во ниеден случај не треба да претерате со вашето претставување, истакнете го тоа што реално го знаете и можете да го работите. Истакнете ја вашата стручност, но на оригинален начин, без лажни претставки.

Не смеете да дозволите во вашата кратка биографија да имате граматички или правописни грешки. Ова е незамисливо. Во таков случај ќе оставите впечаток на невнимателна и неисполнителна личност, од која не може да се очекува сериозно и трудољубиво да ги извршува работните обврски.

Многу често покрај вашето резиме е барано да доставите писмо за мотивација, во кое ќе ги наведете побудите или причините кои ве натерале да се пријавите на одредениот оглас. Овој контакт преку писмото за мотивација е многу важен, затоа не ја пропуштајте шансата да се прикажете на уште еден позитивен начин.™

ДОБРА РАБОТА.мк
ВЕБ ПОРТАЛ ЗА ПОЛЕСНО ВРАБОТУВАЊЕ

Барате работа?
БАРАТЕЛИ НА РАБОТА
» Објавете биографија [CV]
» Генератор на биографија [CV]
» Добијте бесплатен профил
» Снимајте ги огласите
» Бесплатен информатор
» Активирајте автоматски информатор за слободни работни места

Нудите работа?
РАБОТОДАВАЧИ
» Објавете оглас
» Пребарувајте ја базата на биографии [CV]
» Бесплатен информатор
» Испратете повик до одреден кандидат

www.dobrarabota.mk

ЦС Глобал HR ACADEMY©

**Уписи за HR Академија© 2011**

Бидете дел од новата генерација на стручната Академија за управување и развој на човекови ресурси.

Сакате:

- **Професија со голема иднина!**
- **Практично HR знаење со акцент на променливите барања!**
- **Гарантиран успех во кариерата!**
- **Зголемена мотивација на вработените во Вашата компанија!**
- **Одлично подготвен HR Оддел!**
- **Да вложите во програма за образование која ќе Ви гарантира максимален поврат на инвестицијата!**
- **Да бидете дел од успешната мрежа на HR професионалци во Македонија!**

Наставата започнува на 28 јануари 2011 год.

Бројот на часови изнесува 300 како комбинација од настава и работа со присуство и самостојно учење и работа од дома.

**HR** менаџер, **HR** директор, **HR** специјалист, **HR** асистент, Одговорен за селекција и регрутација на кадар, Одговорен за обука и развој, Одговорен за плати и бенефиции ... се само дел од позициите кои може да ги работите по завршување на **HR** Академијата©

*Постои можност за посета на поедините модули.

Содржините се прилагодени на учесниците. Тие се практични, со индивидуални и тимски задачи, како и дискусии за конкретни практики и споредби на различни искуства од бизнис опкружувањето.

HR практики со интензивен, практичен и интерактивен пристап, единствен во Македонија. Ви ја отвораме вратата за успешна професионална кариера.

т.ф.: 02/3290 540; 02/3290 544
**contact@hracademy.com.mk**
**www.hracademy.com.mk**

www.csglobal.com.mk

# ВРАБОТЕНИТЕ И АСТРОЛОГИЈАТА



Атмосферата во канцеларија ја прават вашите вработени, така што многу е значајно да има баланс на работното место. Што се случува кога ќе видите вработен со наведната глава, нерасположен, загрижен? Не дозволувајте да ве зарази негативната енергија, туку со помош на астрологијата помогнете си себеси и на останатите колеги и вратете ја позитивната атмосфера во канцеларијата.

Огнените знаци **овен, стрелец, лав** и **вага** секогаш гледаат на светлата страна на животот, па најверојатно не би било проблем да работите со нив.

**Лавот** може да биде нерасположен доколку е прекорен и исkаран. За да ја вратите неговата ведра насмевка, поделете му некој комплимент и често кажувајте му пофални зборови. Чувството на возвишеност претставува најголем мотив за лавот.

**Девицата** и **јарецот** премногу работат, па треба да им кажете понекогаш дека покрај тоа што мора да се работи, мора да остава време и за други работи и живеење.

**Скорпијата** можете да ја расположите доколку и откриете некоја тајна, особено сочен трач би ја погодило. Тие уживаат кога другите луѓе им се доверуваат и им ги откриваат емоциите.

Доколку некој **близнак** е напнат, не го сфаќајте лично, едноставно не му е денот. Во текот на работниот ден сигурно ќе му се промени расположението на подобро.

На **водолиите** треба да им го будите натпреварувачкиот дух, за да бидат секогаш во форма.

Вработените во знакот на **риби** најчесто водат нежни разговори и даваат корисни совети на сите околу нив.

**Раковите** се пречувствителни, па внимавајте со нив да не сфатиле нешто погрешно затоа што во тој случај ќе бидат повредени.

Со **бикот** комуницирајте редовно, во спротивно ќе стане депресивен. За да ги расположите дајте им поддршка и веднаш ќе се расположат.



# Секој **петти вработен** поминува еден месец годишно **ажурирајќи** ја својата **електронска пошта**

20 проценти од вработените поминуваат 32 дена годишно дури и повеќе ажурирајќи ја својата електронска пошта според една анкета.

Преку 1000 работници биле анкетирани и одговориле дека испратиле или примиле во текот на денот повеќе од 100 електронски пораки. 20 проценти одговориле дека поминуваат повеќе од еден час во денот чистејќи го своето електронско сандаче, што е еднакво на 32 дена во годината.

42 проценти од испитаниците изјавиле дека не сакаат како по правило, автоматски да ги распределуваат фолдерите за да го организираат електронското сандаче, додека 14 проценти се изјасниле дека кога ќе ја отворат својата електронска пошта се чувствуваат како да се "даваат во пораки".

Менаџментот е во постојана потрага по алтернативно решение за зголемување на продуктивноста при проверката на електронската пошта. Активно размислуваат и бараат начин да го скратат времето што се троши при комуникацијата преку електронски писма. Но, истовремено самите mails се и документи кои се потребни за евидентирање на размената на информации и остварената комуникација. Постојат законски услови кои укажуваат не само на задржување и заштита на електронска пошта, но исто така и барања кои ги обврзуваат бизнисите да се направи евиденција на електронската пошта на располагање во рамките на дадениот временски рок.

Тоа е од витално значење дека компаниите можат да сторат повеќе за да им помогнат на своите вработени како да управуваат со оние неструктурирани податоци, не само да се чувствуваат помалку преплавени со нивните поштенски кутии. За да се обезбеди тоа, би можеле да се согласат со законските прописи за кореспонденција на електронската пошта.



# Најчесто поставувани **прашања на интервју** за работа

**Ова се некои од најпоставуваните прашања на интервју за работа.**



...*продолжува од предходниот број*

**6. Што бараш во работата?**
Овој одговор насочете го кон можностите што ги нуди организацијата. Ако имаат програма за Talent management дека посакувате да се вклопите во неа, задоволството што ви причинува работната позиција, комуникацијата со вработените да ви биде на завидно ниво и да се подобрувате на секој можен начин. Напоменете дека сакате зад себе да оставите резултати и да придонесете нешто во компанијата што ќе го сметате за сопствен успех.

**7. Дадете ми ваша дефиниција за работно место на кое аплицирате?**
Задржете се на работните задачи што ќе ги извршувате, опишете ги, комбинирајте ги со вашите вештини што се соодветни за таа работна позиција. Потрудете се да бидат кратки и концизни. Ако не ја разбирате позицијата, истражете или распрашајте се претходно, презентирајте ги вашите тврдења со доза на самоувереност и разбирање.

**8. Колку време ќе ви биде потребно за да допринесете значаен учинок за компанијата?**
Бидете реалистични. Разгледајте колкави се можностите веднаш да се покажат резултатите и дадете си временска рамка од 6-9 месеци додека целосно не се вклопите во компанијата. Но, дека за тој период ќе се трудите максимално да ги извршувате поставените задачи и ќе преземете иницијатива во рамките на своите можности. Слободно напоменете дека сте подготвени и за евалуација на вашето работење во следната година. Доколку сте подготвени и навистина сакате да допринесете за организацијата, зголемете го вашиот вложен труд, инвестирајте во самите себе за да вашиот учинок биде забележителен.

**9. Што би барал ти како менаџер кога би вработувал нови луѓе?**
Размислувајте во насока на вештини, самоиницијатива, комуникативност и можноста да работи непречено со останатите. Напоменете дека би дале предност на луѓето кои сакаат да напредуваат и подготвени се да учат и да се пробаат на различни полиња. Можете да ја напоменете и карактеристиката на внатрешен претприемач и креативност на работната позиција.

**10. Како гледаш на нашата индустрија?**
Бидете подготвени со две до три гледишта за тоа како функционира соодветната индустрија. Спомнете неколку револуционерни технологии кои го подобриле работењето во индустријата или некои ефикасни методи кои го подобрувааат перформансот. Бидете задоволни со директните конкуренти од соодветната индустрија и кои биле некои од активностите што организацијата ги преземала на пазарот.

## Високата цена на мобингот



Во однос на прашањето за мобингот или злоупотребата на работното место, станавме општество каде што не постои ништо лично, затоа и нема взаемно почитување. Транзицијата направи многу луѓе да останат без работа, појавата на разни злоупотреби на работната сила е многу присутна и широк спектар на она што се нарекува кршење на законот, пред сè правото на живот и работа. Сопственициите на капиталот во оваа област многу добро ги користат во однос на вработените, поради што секојдневно се соочуваме со бројни злоупотреби на работното место.

Проблем што не треба да се игнорира , посебно ако се види каде се наоѓаме во однос на развиениот свет. Податоците говорат дека во развиениот свет мобингот е присутен од 2,6 до 7,3 проценти, додека кај нас тој процент е многу повисок.

Се прават напори да се води грижа за човекот, за неговото достоинство и за самопочитувањето и да функционира Законот за мобинг. Тоа е посебно важно, бидејќи сè повеќе луѓе се плашат да не го изгубат и тој приход кој го добиваат иако не им е доволен за живот. Иако сите поголеми фирми имаат сектор за човечки ресурси, овој сектор во нашата околина малку се почитува.

Затоа вработените треба да знаат дека конечно имаат можност и право да се борат самите за себе. Во таа борба синдикатите имаат голема улога поради што е важно по овој закон да ги знаат своите обврски по кој мораат и можат да им помогнат на своите членови на вистинскиот начин. Меѓутоа, кога е во прашање мобингот менаџментот на претпријатието има најголема одговорност во овој поглед, мора да се спречи ова бидејќи има негативни последици во работата и развојот на претпријатието. Мобингот не влијае негативно само по жртвите на мобинг, туку се одразува негативно на целокупното функционирање на претпријатието, институција и организација, туку и на нивната ефикасност и продуктивност, како и на конкурентноста на пазарот.

Мобингот не предизвикува само парични трошоци, туку и трошоци во смисла на времето и стресот. Поголемо негативно влијание се одразува врз мотивација на персоналот, продуктивност и профитабилност на бизнисот што води кон незадоволителни вршења на работата и поголема флуктуација на вработените.

Поради тоа жртвата, сторителот и работните органи мора да вложат многу во активности кои ќе придонесат кон намалување на мобингот.

Овие негативни последици можат да се спречат само со квалитетна комуникација, добро управување со човечките ресурси во претпријатијата и примена на современи принципи и стандарди кои се користат во современиот свет. Најважниот елемент е мотивацијата на вработените за подобри бизнис перформанси и конкурентноста на пазарот.

## СЛОБОДНИ РАБОТНИ МЕСТА

Повеќе на **dobrarabota.mk**

**МЕСТО ЗА ВАШИОТ ОГЛАС!**
**Контакт:** dobrarabota.mk@gmail.com

**ХОСТЕСИ, ФИТНЕС ТРЕНЕРИ, КЕЛНЕРИ...**
Работете во **Royal Mirage, Дубаи.** Рецепционери/ки, секретарки, помошници за во кујна, готвачи. Добро познавање на англиски јазик
cc@csglobal.com.mk
02 32 13 310

**МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ**
Се бараат медицински лица за работа во Германија и Либија.
cc@csglobal.com.mk
02 32 13 310

**БАРМЕНИ, КЕЛНЕРИ, РЕЦЕПЦИОНЕРИ**
Regency Hotel in Qatar needs:
Restaurant manager
Assistant restaurant manager
Waiters, bartenders, Cashiers,
Life Guards and much more!
cc@csglobal.com.mk
02 32 13 310

**КЕЛНЕРИ И ШАНКЕРИ**
Armani Hotel Dubai, луксузниот хотел во Дубаи, ОАЕ. Познавање на англискиот јазик, возраст од 21 и 32 год. и да имаат работно искуство.
cc@csglobal.com.mk
02 32 13 310

**ИНТЕРЕН РЕВИЗОР**
Клиент на ЦС Глобал, има потреба од интерен ревизор. Високо образование, положен испит за ревизор, познавање на англиски јазик, работно искуство од миминум 2 год. CV на англиски јазик .
hr@csglobal.com.mk

**СМЕТКОВОДИТЕЛ**
ЦС Глобал има потреба од овластен сметководител. Работно искуство минимум 5 години. Сертификати и лиценци во соодветната област.
hr@csglobal.com.mk

**ПРОДАВАЧИ**
Марди бара продавачки во сите градови низ Македонија. Кандидатите своите CV да ги достават на
mardimb@yahoo.com

**ХИГИЕНИЧАРКИ**
СТЕД КОМЕРЦ има потреба од вработување на: 10 хигиеничарки и 5 општи работници за Скопје; со и без работно искуство; до 30 години старост; за работа на високи скали, скелиња и др.; возачка дозвола Б
02 3120-445; 02 3112 356

**СОРАБОТНИЦИ**
Меѓународна компанија има потреба од 24 соработници со и без возило, возраст 18–45 год. Стартна плата + бонус, за Скопје. Јавување од 09–16:00.
02 24 60 790; 070 387 723

**ХОТЕЛСКИ ПЕРСОНАЛ**
Хотел во Сингапур кој што се отвора во февруари, има потреба од персонал. Познавање на англиски јазик и искуство се предност.
cc@csglobal.com.mk
02 32 13 310

**ХОСТЕСИ, КЕЛНЕРИ, ГОТВАЧИ...**
Cipriani во Abu Dhabi, има потреба од персонал за ново отворениот ресторан. Задолжително познавање на англиски јазик и релевантно искуство.
cc@csglobal.com.mk
02 32 13 310

Уредува тимот на редакција Global HR www.csglobal.com.mk, www.globalhr.mk | Дизајн и подготовка: www.koma.com.mk